Институт за европска политика. Скопје

МРЕЖА 23

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЕВРОПСКАТА ИДНИНА НА МАКЕДОНИЈА ЗАПОЧНУВА СО ПОГЛАВЈЕТО 23

## Краток документ за јавна политика

### За документот

Овој краток документ за јавна политика се темели на ставовите изнесени на завршната конференција од проектот Мрежа 23+, која се одржа на 5 јуни, под насловот „Поглавје 23: Пандорина кутија или клуч за добро владеење?“. Конференцијата се состоеше од 4 сесии, според структурата на Поглавјето 23, на кои дебатираа политичари, експерти, говорници од повеќе институции, организации и меѓународни партнери, со цел утврдување на состојбата во Република Македонија, како и најзначајните чекори кои државата треба да ги преземе во наредниот период.

Институт за европска политика - Скопје
network23@epi.org.mk

Овој настан се организираше во рамките на проектот „Мрежа 23+“, финансиран од Европската Унија, ко-финансиран од амбасадата на Кралството Норвешка во Белград, а поддржан од Општина Центар. Мислењата наведени во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат ставовите на донаторите.

# Вовед во конференцијата

Поглавјето 23, кое ги опфаќа правосудството, борбата против корупцијата и темелните права на граѓаните претставува првото поглавје кое се отвора во преговорите со Европската Унија, заедно со Поглавјето 24. Со ова, Унијата ја истакнува важноста на принципот на владеење на правото, како една од своите најзначајни вредности. Од овие причини, од голема важност е да се дискутираат состојбите и предизвиците кои следуваат во Поглавјето 23, особено нагласено пред носењето на одлуката на Советот на ЕУ за евентуален почеток на преговори со ЕУ.

Завршната конференција од проектот Мрежа 23+, која се одржа на 5 јуни, под насловот „**Поглавје 23: Пандорина кутија или клуч за добро владеење?**“, се состоеше од 4 сесии, според структурата на Поглавјето 23. На сесиите дебатираа политичари, експерти, говорници од повеќе институции, организации и меѓународни партнери, со цел вистинско утврдување на состојбата во Република Македонија, како и најзначајните чекори кои државата треба да ги преземе во наредниот период. Овој проект е финансиран од Европската Унија и амбасадата на Кралството Норвешка во Белград, а настанот беше поддржан од Општина Центар.




Воведни излагања имаа претседателот на Владата на РМ, г. Зоран Заев, заменик претседателот на Владата за европски прашања, г. Бујар Османи, министерката за правда, д-р Рената Дескоска, градоначалникот на Општина Центар, г. Саша Богдановиќ, како и проф. д-р. Гордан Калајџиев, претседател на Хелсиншкиот Комитет за човекови права и професор на Правниот факултет „Јустинијан Први”. Конференцијата ја отвори д-р Симонида Кацарска, директорка на Институтот за европска политика.

Д-р Кацарска изрази благодарност до сите кои беа вклучени во работата на овој проект, кој опфаќа значајно Поглавје од преговорите со Европската Унија. “Овој проект не го работеа само Институтот за европска политика и Хелсиншкиот комитет, туку го работевме во партнерство со останатите 15 членки на Мрежа 23, 9 грантисти, институциите и државните службеници. Драго ни е што со нас се

Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања, кои ни се партнери, заедно со Народниот правобранител, судските институции и професионални здруженија“, истакна Кацарска. Додаде дека „принципот на работа како Мрежа 23 е да работиме во партнерство со државните службеници“, зашто само така ќе може да се направи одржлива промена во општеството.

Во своето излагање, Претседателот на Владата, г. Зоран Заев, потенцираше дека корупцијата не треба да има место во Република Македонија, ниту во било која друга држава, но за да се искорени истата е потребен голем труд. „Република Македонија е држава која ќе се води по европски правила“, вели г. Заев, „ и како таква мора да обезбеди пристап до правдата, кој ќе биде целосно загарантиран, средина во која најранливите групи би можеле да се служат со алатките кои им се на располагање, со цел да имаат поголема доверба во правосудството во државата во која живеат“. Тој во своето излагање ја потенцираше улогата на Мрежа 23 во процесот на пристапување кон Европската Унија. „Препораките и влијанието на граѓанските организации од Мрежа 23 имаат значајно место во процесот на нашето пристапување во Европската Унија, преку активно вклучување и во следењето и евалуацијата на политиките на Поглавјето 23“, истакна г. Заев. На крајот од своето обраќање, г. Заев ги повика граѓанските организации, заедно со Владата, да изградат систем кој нема да толерира корупција и кршење на човековите права.

Патот на Македонија кон ЕУ е долг, но не е бескраен, констатираше г. Бујар Османи, заменик претседател на Владата за европски прашања. Членството е процес на трансформација на општеството, меѓутоа Република Македонија и покрај тоа што долго време е заглавена во тој процес, никогаш не престанала со трансформација на општеството. Во ситуација кога државата прави напредок во однос на владеењето на правото, споредено со минатото, Планот 18 е привремено решение, кое би требало да овозможи резултати до започнување на преговорите со ЕУ.

Министерката за правда, д-р Рената Дескоска, посочи дека на Поглавјето 23 не треба да се гледа како пандорина кутија, воедно и дека е лично поборник за суштински реформи бидејќи смета дека сите стратегии и акциони планови се жива материја која се менува. „Секој чекор во имплементацијата на поглавјето треба да биде чекор напред во јакнење на правото и вербата на граѓаните во правниот систем”, пренесе таа.

Со оглед на значењето на локалните власти во остварувањето на правата на граѓаните на ЕУ, градоначалникот на Општина Центар, Саша Богдановиќ, кој вели дека граѓаните сè повеќе ја препознаваат улогата на локалната власт и дека општините може да ги градат своите капацитети само преку соработка со различните чинители, меѓу кои и граѓанските организации.

Професорот и претседателот на Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ, Гордан Калајџиев, ја истакна потребата од продлабочување на реформите и исполнување на нивната вистинска суштина. Граѓанскиот сектор пристапува со голем ентузијазам во трансформирањето на системот во државата, но реален проблем постои во непочитувањето на роковите кои се поставуваат во стратегиите за реформи.

# Реформи во правосудството – форма или суштина?




Говорници: *д-р **Џемали Саити**, судија во Врховен суд и претседател на Здружение на судии; г-а **Ленче Ристоска**, Специјална јавна обвинителка; г. **Воислав Гавровски**, заменик Јавен обвинител; проф. д-р **Лазар Нанев**, судија и претседател на Советот за превенција против малолетничка деликвенција – грантист на Мрежа 23+; г-а **Натали Петровска**, директорка на Коалиција „Сите за правично судење“ – грантист на Мрежа 23+; г. **Зоран Јанкуловски**, директор на Здружението на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија – грантист на Мрежа 23+*

Модераторка: *г-а **Гордана Дувњак**, новинарка и уредник на 1ТВ*

Првата панел дискусија беше фокусирана на реформите во правосудството. Македонија беше обележана како заробена држава од страна на Европската комисија (ЕК) во извештаите од 2015 и 2016 година. Ваквата констатација од страна на ЕК меѓудругото се однесуваше на заробеноста на судската власт, како трета власт во државата, од страна на извршната власт. Во извештаите на ЕК за 2015 и 2016 година правосудството бележеше назадување. Правосудниот систем во Република Македонија беше критикуван и во извештаите на експертската група предводена од Прибе, со давање на конкретни препораки за унапредување на истиот. Со цел спроведување на препораките дадени во извештаите на ЕК и од експертската група предводена од Прибе, новата Влада на РМ започна со спроведување на активности во делот на правосудството утврдени со Планот 3-6-9. Беше подготвена Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022 година, како солидна база за понатамошни реформи и законски измени.[1] Во подготовка на Стратегијата беа

[1] Ваков став искажаа судијата Џемали Саити и заменик јавниот обвинител Воислав Гавровски.

вклучени многу чинители и беа прифатени забелешките дадени од страна на Здружението на судии и други релевантни невладини организации. Во април 2018 година беа усвоени измените на Законот за судови и Законот за судскиот совет. На усвојувањето му претходеа политички пазарења, особено за Законот за судови од страна на двете најголеми политички партии. Во април 2018 година, во новиот извештај на ЕК беа утврдени напорите направени во делот на правосудството. Споредено регионално Македонија заедно со Албанија имаат најголем прогрес во делот на правосудството. И покрај забележаните напори од страна на ЕК, прашање е дали реформите во делот на правосудството се гледаат како отскочна даска за дополнителни суштински реформи кои допрва треба да следуваат или пак само како реформи кои се однесуваат на формата и задоволување на барањата на Европската Унија. Во воведните излагања министерката Рената Десковска истакна дека во следниот период ќе се фокусира на квалитетот на реформите кои треба да бидат испорачани во оваа област, а не самоповршно спроведување на реформите.

Од излагањето на учениците во првиот панел може да се заклучи дека ***суштинските реформи во делот на правосудството допрва следуваат***. Содржината на самите реформи сè уште претставува предизвик. Говорниците беа согласни дека Стратегијата за реформа на правосудниот сектор претставува солидна основа за понатамошни законски измени. Позитивен исчекор е и формирањето на Советот за следење на Стратегијата и вклучителност на сите релевантни чинители во овој совет.[2] Дополнително во Стратегијата се детерминирани слабостите во конкретни области и се предвидени мерки за надминување на истие. Првиот сет на измена на законите започна со укнување на законот за Советот за утврдување на факти и усвоените измени на Законот за судови и Законот за судски совет. Меѓутоа клучните предизвици остануаат. Измените беа критикувани од страна на судската фела и беа доставени коментари од страна на Здружението на судии. Судијата Џемали Саити нагласи дека измената на законите претставуваат добра основа за реформи, нагласувајќи дека реални се очекувањата на судиите, но и самите судии треба да бидат свесни за тежината на реформскиот процес. Според судијата Лазар Нанев, фокусот на следните измени на Законот за судови треба да биде ставен на **нова организациона и структурна поставеност на судскиот систем на РМ.**

Обвинителот Воислав Гавровски потенцираше дека и покрај зголемените надлежности на Јавното обвинителство со ЗКП од 2013 година, не беше донесен нов закон за Јавното обвинителство. Во тек е изработка на нов закон во кој учествуваат сите клучни чинители, нацрт законот е во завршна фаза. Со законот се предвидени нови надлежности на јавното обвинителство, се дефинира дисциплинската одговорност на јавните обвинители, а како посебно прашање е вклопувањето на СЈО во системот на јавното обвинителство.[3] Потребата од инкорпорирање на СЈО во системот на Јавно обвинителство беше потенцирано и од обвенителката Ленче Ристоска. Таа во своето излагање ја потенцираше работата на СЈО во изминатиот период, со посебен осврт на тимската работа и мултидисциплинарниот пристап, односно водење на финансиски истраги паралелно со криминалистичките. Потребно е продолжување на работата на СЈО, со оглед на предметите во надлежност на СЈО и земајќи ја предвид и нивната сложеност, а имајќи го предвид и фактот дека и

---

[2] Вклученоста на Здружението на судии во овој совет го потенцираше судијата Џемали Саимти.

[3] Обвинителот Воислав Гавровски потенцираше дека поради дефицит на кадар Јавното обвинителство може да дојде во колапс, доколку не се премости избор на надворешни кадри како јавни обвинители (пред се во однос на стручните јавно обвинителски соработници).

на меѓународно ниво, ваквите предмети траат подолго време.[4] Обвинителката Ристоска истакна дека треба да се задржи **автономноста на СЈО во однос на случаите на висока корупција.** Обвинителот Воислав Гаврвски истакна дека се дадени конкретни предлози за разграничување надлежностите на СЈО и на јавното обвинителство за организиран криминал и корупција, со цел да не дојде до судир на надлежности, односно **СЈО да има надлежност во висока корупција и кривични дела сторени од избрани и именувани лица.** Судијата Лазар Нанев ја нагласи потребата од донесување на **нов Кривичен законик** со кој ќе се дефинира минимумот и максимумот на казните.

Покрај потребите од законски измени беше нагласен проблемот на (не)довербата на судството. Транспарентноста е клучна зајакнување на довербата во правосудниот систем потенцираше Натали Петровска од Коалицијата Сите за правично судење. Според локално истражување направено во 2016 година, 52% од индикаторите за транспарентност се исполнети. Регионално истражување покажува дека се исполнети само 33% од индикаторите за транспарентност и сме само пред Албанија, која исполнува 22% од овие индикатори за транспарентност. Во насока на унапредување на транспарентноста во судстото во процес е циклус на дебати организирани од страна на Здружението на судии за формирање на **Судско-медиумско тело / Совет**, на кој ќе бидат воспоставени контурите за формирање на ова тело, кое треба да започне со работа од септември.[5] Д-р Саити ја нагласи потребата за ментална трансформација на сите чинители во правосудниот систем. Ваквата ментална трансформација беше нагласена и од обвинителката Ленче Ристоска. Преку поставување на професионалноста и интегритетот како две основни начела за постапување на сите вработени во правосудството ќе имаме трансформација на свеста за вакви важни прашања.[6] Потребно е трансформација во постапувањето и кај судиите и кај членовите на Судскиот совет за прашањата за избор и унапредување на судии. Сè уште се избираат и унапредуваат политички подобни судии. Во судството недостасуваат судски лидери кои ќе влијаат судската власт да се профилира како трета власт, независна од другите две власти.[7] Потребна е и свест за имплементација на веќе воспоставените законски решенија.[8] Судијата Нанев ја нагласи **потребата од воедначување на судската пракса во РМ со нагласена улога на Врховниот суд**.[9] Поранешната судијка Маргарита Цаца Николовска нагласи дека судиите во РМ недоволно ја применуваат праксата на ЕСЧП.

Неопходно е зајакнување на финансиската независност на судството.[10] Зоран Јанкуловски нагласи дека во 2012 година планираните средства за судската власт биле на 0.37% од БДП, а во 2016 биле 0.3%, воедно и посочи на тоа дека финансирањето на активностите на **судската власт не смее да биде под лимитот на 0.5% од БДП, со тенденција да се стигне со предвидените 0,8% од БДП.**

---

[4] Ленче Ристоска, јавна обвинителка. Дополнително обвинителката ја нагласи новата судска пракса со одлуките на Апелациониот суд во Скопје, во однос на предметите на СЈО, каде што прислушкуваните разговори се прифаќаат како доказ во постапката.
[5] д-р Џемаил Саити, судија на Врховен суд и претседател на Здружение на судии.
[6] Ленче Ристоска, јавна обвинителка.
[7] Судија Лазар Нанев.
[8] Ленче Ристоска, јавна обвинителка.
[9] Ваквата потреба беше потенцирана и од поранешната судика Мирјана Ивановска. Поранешната судика Милка Ристова ја нагласи Улогата на Врховниот суд за развивање на критична мисла на одредени законски решенија, како и потребата од ваквите критични ставови да бидат прифатени од страна на извршната власт.
[10] Д-р Џемали Саити. Оваа потреба беше нагласена и од Зоран Јанкуловски, директор на ЗФР. Потребата за издвојување на повеќе средства за ЈО беше потенцирана и од обвинителот Воислав Гавровски.

# Високо ниво на корупција, слаби институции




Говорници: *д-р **Розета Трајан**, генерален секретар во Државната комисија за спречување на корупцијата; проф. д-р **Мишо Докмановиќ**, претседател на Институт за стратешки истражувања и едукација и професор на правниот факултет „Јустинијан Први" – грантист на Мрежа 23+; г-а **Ана Ѓурник**, Институт Алтернатива, Црна Гора; г. **Владимир Михајловиќ**, Центар за европски политики, Србија; г. **Дарко Поповски**, ЗИП Институт – грантист на Мрежа 23+*

Модераторка: *г-а **Гордана Дувњак**, новинарка и уредник на 1ТВ*

Состојбата со борбата против корупцијата во Република Македонија низ годините е оценета како мошне слаба од страна на домашни и странски релевантни организации, како и од Европската комисија. Според индексот за перцепција на корупција на Транспаренси Интернешнал, Македонија за 2017 има оценка од 35/100 бодови, а во 2012 имала оценка од 42/100. Овие податоци ја сместуваат државата најдолу во регионот, во поглед на перцепцијата на корупцијата. Испитувањето на јавното мислење од проектот Мрежа 23+ покажува дека 60% од граѓаните сметаат дека состојбата е лоша, додека 46% од државните службеници го даваат истото мислење.

**Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) се идентификуваше низ дискусијата како најслаба алка во борбата против корупцијата**. Поткрепа во ваквото тврдење може да се најде

и во откривањето на индиции за коруптивни практики во јавноста, извршени од страна на членовите на ДКСК, по што дел од нив поднесоа оставка.[11]

„Јавноста претставува главниот контролор на постапувањето на институциите", изјави д-р Розета Трајан, во однос на извештаите на злоупотребата од членовите на ДКСК. Таа кажа дека со оглед на слабите резултати на ДКСК, во мај 2018 година се формираше работна група за изработка на нов предлог-Закон за спречување на корупција. Оваа работна група се очекува да го измени статусот на Комисијата, да ја зајакне нејзината независност и да ги зголеми капацитетите за вршење на своите надлежности.

Мишо Докмановиќ, професор на правниот факултет „Јустинијан Први" и дел од Институтот за стратешки истражувања и едукација го презентираше истражувањето на ИСИЕ за примената на Законот за заштита на укажувачите, но и застапеноста на корупцијата на универзитетите. Податоците покажуваат дека 7% од студентите во 2016 година биле жртви на корупција, а дури **43% од студентите биле сведоци на некаква форма на корупција**. Поразителен е и фактот дека 78% од студентите по право не би пријавиле коруптивно дело, бидејќи не веруваат дека нивната пријава ќе има ефект. „Постои голема недоверба во механизмите за пријавување и спречување на корупција", констатираше д-р Докмановиќ. Тој додава дека корупцијата е инкорпорирана во системот на живеење во Македонија, па оттаму е и тешко да се препознае.

Искуствата на Црна Гора и Србија во борбата против корупцијата не нудат суштински напредок во оваа област. Иако формалните препораки на ЕК, СИГМА и домашните експерти често се земаат предвид, недостастува фактичката имплементација на тие препораки. „Црна Гора често се претставува како лидер во регионот, дури и од самата ЕК, но ние во граѓанскиот сектор не сметаме дека ја заслужуваме оваа титула", изјави Ана Ѓурниќ од Институтот Алтернатива од Подгорица, соработник на проектот Мрежа 23+. Нивното искуство покажува дека Агенција за спречување на корупција воспоставена во 2016 година, која ги презема надлежностите од две претходни тела за гонење на корупција, не покажува вистисна волја да гони висока корупција. Укажувањето на бројни нерегуларности во работата на Агенцијата, блискост на нејзиниот директор и службениците со партиите на власт, како и експресното „перење" на државни функционери кои во јавноста биле обвинети за корупција, покажува сличност со случајот во Македонија. Покрај големата финансиска и кадровска независност која Агенцијата во Црна Гора сега ја има, ефективната борба против корупција недостасува, а Агенцијата се користи за политичка пресметка.

Искуството на Србија покажува дека постои големо политичкото влијание во изборот и назначувањето на државни службеници, што претставува подлога за развивање на корупцијата во јавната администрација. Овластувањата на министрите при вработувањето на кадрите им дозволуваат голема дискреција при изборот, без разлика на претходната процедура или извештај од комисиите за избор на кандидати. „Дури 75% од граѓаните во Србија сметаат дека е невозможно вработување во државна администрација само преку отворен повик. Исто толкав број ги сметаат службениците за некомпетентни и склони на корупција", кажа Владимир Михајловиќ од Центарот за европска политика во Белград, соработник на проектот Мрежа 23+.

Како специфика на Балканот се истакна високото ниво на корупција и постоењето на т.н. „мека корупција". Според Димитар Пехливанов, експерт од Бугарија, непостоењето на доверба и

[11] Признание за слабите капацитети изрази и д-р Розета Трајан, Генерален секретар во ДКСК.

кредибилитет на институциите резултира со прекумерна регулација. За надминување на овој проблем е потребна промена на општествената свест, бидејќи без висока свест за штетата од корупција, нормите секогаш ќе бидат цел на изигрување.Според Драган Малиновски, адвокат и поранешен член на ДКСК, изборите во Македонија претставуваат гладијаторска битка, бидејќи со нив ги добиваат институциите, а опозицијата станува жртва. **Доколку би имале институции со кредибилитет и интегритет, власта нема да биде толку атрактивна, бидејќи институциите би имале еднаков третман кон сите чинители.** Во однос на Македонија, евидентна е разликата на делувањето на политичките актери кога се во опозиција и кога се на власт. Секоја власт, до некоја мера има отпор кон ефективна контрола врз нејзината работа. Сепак, најголемиот проблем е кога телото одговорно за спречување на корупција замижува пред очигледните акти на корупција од власта, како што е случај во минатото.

Постои сложност помеѓу говорниците дека за спречување на корупцијата потребни се институции со кредибилитет и капацитет за борба против корупцијата. Низ дискусијата беше повеќе пати нагласено дека **успешноста во борбата со корупцијата најмногу ќе зависи од постоењето на вистинска политичка волја од релевантните политички актери**. Изјавата од премиерот Зоран Заев за намерата да се назначуваат непартиски членови на ДКСК е чекор во оваа насока, но останува да се види вистинската имплементација на реформите кои ќе следуваат во оваа област.

# Темелни права




Говорници: *г-а* ***Уранија Пировска****, директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права; г.* ***Иџет Мемети****, Народен правобранител; д-р* ***Мирјана Лазарова Трајковска****, поранешна судијка во Европскиот суд за човекови права и соработник на Универзитетот Ренмин во Кина; проф. д-р* ***Наташа Габер-Дамјановска****, поранешна уставна судијка и в.д директорка на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања; г.* ***Александар Николов****, директор на Асоцијација Зенит и надворешен експерт на Женска акција – грантист на Мрежа 23+; г-а* ***Радмила Стојковска Алексова****, Отворете ги прозорците – грантист на Мрежа 23+*

Модератор: *г.* ***Васко Попетревски****, новинар*

Дали реформските процеси ќе придонесат за отстранување на недостатоците на системот, особено на клучните правосудни и други независни институции и регулаторни тела, чиешто правилно извршување на нивните уставни и законски надлежности се од клучна важност за заштитата и за остварувањето на човековите права и слободи? Третата панел дискусија беше замислена да понуди одговори на клучните прашања и дилеми за заштита на фундаменталните права од повеќе аспекти.

Во последниот извештај на Европската комисија беше констатирано дека и покрај заложните за имплементација на европските стандарди за заштита на фундаменталните права, потребни се дополнителни заложби за адекватна и целосна имплеменација. Ваквиот став беше поткрепен и од искажувањето на Народниот правобранител, Иџет Мемети, според кој Уставот на Република Македонија има доволно широка лепеза и добро поставена основа за сè она што означува фундаментални човекови слободи и права. Според Мемети, Република Македонија не успева

таквите високи вредности да ги спроведе квалитетно и на добар начин за да се изгради систем кој вистински ќе го унапреди нашето општество.[12] Уранија Пировска ја истакна значајноста на Мрежата 23 во процесот на креирање на политики и известување на меѓународната заедница за состојбите во Македонија. Таа истакна дека Мрежа 23 помогна да ја извести меѓународната јавност за аферата со прислушкувањето, за протестите од 5-ти мај, пречекорувањата на полициските овластувања и притворите кои што изминатите години повеќе се применуваа како казна отколку како мерка. Во оваа насока, евидентно е тоа што **голем дел од работите за кои Мрежа 23+ известуваше, истите станува и дел од извештаите на Европската комисија.** Во последниот извештај за Република Македонија, Европската комисија констатираше дека се потребни заложби за подобрување на состојбите во затворите и во другите места за притвореници. На иста линја беа и ставовите на Народниот правобранител, според кој **затворскиот систем покрај проблемот со пренатрупаност и нехуманите услови, има и други сериозни проблеми како што е начинот на менаџирање на тој систем.** Овие сериозни проблеми се нотирани и во извештаите на Европската комисија, а се поврзани со системот на рехабилитација на затворениците и смртните случаи во затворите. Во однос на менаџирање на затворите, нотирано беше дека потребно е да се стави крај на партиските именувања за раководители или директори на тој систем. Забележано беше дека **Законот за вознемирување на работно место не ја исполнува својата цел,** бидејќи недостасуваат одредби кои би овозможиле надлежност на инспекторите за да истражат одреден проблем по пријава на граѓанин.[13]

Александар Николов од Асоцијацијата Зенит се осврна на реформите во следење на телекомуникациите врз основа на анализата „Кон граѓански паноптикон – рамнотежа помеѓу привантоста и потребата за следење на комуникациите“. Тој истакна дека во новите закони детално се разработени содржината на извештаите на ЈО во однос на следење на комуникациите врз основа на истражните мерки. Прифатено е формирање на Совет за граѓанска контрола за следење на комуникациите, допрецеизирани се процесите за давање на итни наредби за следење на телекомуникациите, за кои имаше индикации дека биле злоупотребени од страна на системот. Тоа што е **предизвик со ОТА е фактот што дел од службениците што ќе работаат во оваа агенција ќе бидат лица кои моментално се вработени во УБК.** Треба да се обезбеди и дебата за цената на чинење на ваквите реформи. Исто така потребно е **усогласување со стандардите на ЕУ во однос на мета податоците.** Николов нагласи дека со новиот закон, се легализираше употребата на други алтернативи технологии за следење на телекомуникациите, што значи нови методи и алатки за следење на граѓаните, а тоа претставува основа за загриженост за злоупотреба на таквите системи.

Во извештајот на ЕК беше нагласено дека не се почитуваат стандардите за заштита на човековите права особено во однос на најранливите и маргинализирани групи во општеството, вклучувајќи ги лицата со посебни потреби. Во оваа насока, г-а Радмила Стојковска Алексова од „Отворете ги прозорците“ ги презентираше наодите од спроведеното истражување за пристапноста и инклузивноста на судовите во Македонија. Според истражувањето, 59% од судовите имаат пристапна рампа на својот влез. Во однос на тоалети, **само 2 суда имаат пристапен тоалет за лица со посебни потреби,** но тестирањето во пракса покажало дека ниту еден суд, нема овозможено услови за тоа. Во однос на лифтовите, само 4 суда имаат лифт, а и тие што го имаат не ги задоволуваат стандардите за пристапност бидејќи немаат броеви кои се означени со брајова

[12] Иџет Мемети, Народен правобранител.
[13] Иџет Мемети, Народен правобранител.

азбука. За слепите лица, 44% од судовите на анкетниот прашалник одговориле дека назначуваат лице од самиот суд кое што ќе ги придружува лицата во ситуации за да остварат услуга, а за лицата со оштетен слух, судот ангажира толкувач доколку им е потребно.

Во однос на институцијата Народен правобранител, беше истакнато од Народниот правобранител Иџет Мемети дека во поглед на индивидуална заштита на граѓаните, оваа институција има повеќе жалби од страна на граѓаните во споредба со другите земји од регионот, гледајќи според бројот на население, што укажува на тоа дека граѓаните уживаат доверба во оваа институција. Народниот правобранител нотираше дека се **соочува со проблеми на имплементација на општите препораки** односно дека Собранието треба да ги земе во предвид препораките и да врши надзор или контрола врз извршната власт.

Потребата од **воведувањето на уставната жалба во Република Македонија** беше нагласена од д-р Наташа Габер-Дамјановска. Според неа ваквата проширена надлежност би придонела во поефективна заштита на темелните права на граѓаните со цел ефикасно спроведување на правдата. Преку уставната жалба ќе постои уште една можност за граѓаните да си го остварат своето право во домашни рамки, пред случајот да заврши пред ЕСЧП. Профеорката ја нагласи и потребата од донесување на **нов Деловник за работа на Уставниот суд**. Ваквиот нов текст би давал детални решенија не само за самата постапка во Уставниот суд, но и при евентуално поголем наплив на предмети што бара внатрешна реорганизација на судот, во смисла на тоа дали ќе работи на пленарни седници или во совети во помали групи. Исто така има и други прашања кои се во рамките на надлежноста на Уставниот суд, кои што не се доволно обработени во постојниот Деловник.[14] Поранешниот уставен судија Игор Спировски нагласни дека автономијата на Уставниот суд и отпорноста од притисоци доаѓа токму од деловникот на судот.

Крајна истанца и чадор во заштитата на човековите права и слободи е Европскиот суд за човекови права. За работата и улогата на овој суд се осврна д-р Мирјана Лазарова Трајковска. Според неа, бројот[15] на донесените пресуди во областа на правосудството против Република Макеонија е доста висок ако во споредба се земат бројот на пресуди против државите кои 50 години се земји потписнички на оваа конвенција. Ваквиот факт ја отсликува реалната состојба на државата во областа на правосудниот, економскиот и политичкиот систем. Македонија има предмети кои се карактеристични за 19-ти век, а тоа се тортура, деградирачко и нехумано постапување. Тоа се предмети кои се директно поврзани со системски проблеми во полицијата и обвинителството и тоа трае со години. Ваквите факти отсликуваат една состојба на **перманентна примена на сила од страна на полицијата која завршува со тивко премолчување на настаните или со нечинење од страна на јавното обвинителство.** Република Македонија веројатно е една од ретките земји во Европа кај која ЕКЧП е спомната, озаконета во закони, се повикуваат бројни закони на судската пракса во Европската конвенција, меѓутоа во практичното применување на стандардите и принципите **нашите судии и други учесници во правосудниот систем, особено во обвинителството и полицијата, многу малку ја познаваат праксата на Европскиот суд за човекови права.**

---

[14] Во однос на ова, г-а Габер-Дамјановска даде пример дека нема детална постапка за тоа како би се одвивала евентуалната постапка за одговорност на Претседателот на државата.

[15] д-р Мирјана Лазарова Трајковска: Европскиот суд за човекови права во изминатите 20 години за Македонија донесе 159 пресуди и неколку стотици одлуки, дел од нив за пријателско спогодување и унилатерални спогодби, а тоа значи утврдени повреди кои биле решени по пријателско спогодување, или пак државата прифатила дека сторила повреда.

# Права на граѓаните на ЕУ




Говорници: *г.* ***Саша Богдановиќ****, градоначалник на Општина Центар; г.* ***Димитар Пехливанов****, експерт за европски интеграции, Бугарија; г.* ***Иван Новосел****, Куќа за човекови права, Хрватска; г-а* ***Арлинда Илази****, Мултикултура – грантист на Мрежа 23+*

Модератор: *г.* ***Васко Попетревски****, новинар*

За време на овој панел се дискутираше за правата кои им следуваат на граѓаните, а поконкретно потенцијалот и вклученоста на граѓаните во креирањето и донесувањето на одлуки на локално ниво како и правото на граѓаните на бесплатна правна помош.

Што се однесува до инволвираноста на граѓаните во политиките кои се носат на локално ниво, Европската Унија ја поттикнува вклученоста на граѓаните преку загарантирани права кои се воведуваат уште со Договорот од Мастрихт. Истите се загарантирани најпрво преку директиви и потоа се вклучени и во Договорот од Лисабон од 2009 година. Овие права им овозможуваат на граѓаните на ЕУ да можат да гласаат на локални избори, каде и да живеат, без разлика дали се државјани на таа држава. Дополнително, постои и можноста за граѓаните на ЕУ да се кандидираат како градоначалници во одредени држави, иако оваа опција останува на дискреционото право на членките на ЕУ. Во рамки на овие права влегува и правото секој ЕУ граѓанин да се кандидира на изборите за членовите на Европскиот парламент.

За Македонија како земја кандидатка, која се стреми да има функционален децентрализиран систем на функционирање и општини кои им служат на граѓаните, овие права се исто така од интерес. Во предпристапниот процес од особена важност е општините да се вклучат во

информирањето на граѓаните за придобивките од ЕУ како и сите права и обврски кои им следуваат на сите граѓани кои автоматски ќе станат и граѓани на ЕУ. Во насока на тоа, и локалните власти треба да се подготват за начинот на работа кој го промовира ЕУ, односно **општините треба да обезбедат транспарентност на својата работа во согласност со насоките на Унијата и демократските принципи, и да осигураат зголемено учество на граѓаните во носењето на одлуките.** Саша Богдановиќ, градоначалникот на Општина Центар потенцираше дека за таа цел, соработуваат со граѓански организации кои ги следат евроинтеграциските процеси, со што ги зајакнуваат нивните капацитети, а учат и од искуствата на земјите членки на ЕУ.

**Од регионалните искуства од Хрватска и Бугарија од нивното членство досега, можеме да увидиме дека ова се можеби најмалку спроведените и реализирани права на граѓаните.** Граѓаните скоро воопшто не го користат правото да се кандидираат на локални избори, додека граѓаните од ЕУ кои живеат во овие земји ретко гласаат на локалните избори. Една од причините за оваа појава е фактот што граѓаните не се доволно информирани за овие права. Според Димитар Пехливанов, позитивното искуство од Бугарија е дека сепак, иако граѓаните можеби не се кандидираат на локалните избори, се активно вклучени во општествениот живот. Имено, доколку било кој граѓанин испрати писмо обраќајки се до една од институциите на ЕУ, досега искуството во Бугарија било дека веднаш се реагирало. Во оваа смисла, правото на обраќање до европските институции е право кое граѓанските организации го користат и кое можеби има бавен, но силен ефект. Последователно, институциите на ЕУ ги запираат погрешните одлуки на властите, и со ова тие полека стануваат фактор во внатрешниот живот на Бугарија.

Искуството кое Иван Новосел од Куќата за човекови права во Загреб ни го пренесува е дека овие права воопшто не се практикуваат во Хрватска. Од 2013, кога државата станува е членка на ЕУ, досега немало ни еден кандидат на локалните избори (спроведени 2017) кој не бил државјанин на Хрватска, а само 25 мобилни ЕУ граѓани биле впишани со пасивно право на бирање. Спредспоред последните податоци од 2016 година, во Хрватска живеат повеќе од 12.000 граѓани на ЕУ. Во Хрватска овие права се уредени со посебен закон, со што се оди едно ниво погоре, односно освен да се кандидираат на ниво на општина, граѓаните може да се кандидираат и на регионално ниво како и да гласаат за време на локални референдуми.

**Заклучокот по ова прашање е дека ова е тренд кој постои не само во Хрватска и Бугарија, туку и на територијата на ЕУ воопшто.** Нивото на ниска излезност за време на изборите, а особено за време на локални избори е прашање и проблем кое треба да се гледа и во поширок контекст. За овие права постојат два конкретни проблеми, односно **недоволното познавање на националните политики и култури, како и непознавањето на функционирањето на институциите на ЕУ. Дополнителна бариера е и непознавањето на локалниот јазик.**

Што се однесува на бесплатната правна помош, право кое веќе го уживаат граѓаните на Република Македонија, беше увидено дека нивото на користење на ова право е загрижувачко. Според истражувањето на Мултикултура, кое ни го презентираше Арлинда Илази, **по повеќе од 8 години од носењето на Законот за бесплатна правна помош, поднесени се помалку од 1000 барања.** Дополнително, Законот не е усогласен со други закони и содржи нејасни норми, за кои надлежните не нудат објаснувања. Барањата за бесплатна правна помош кои и така се во мал број, се одбиваат од различни и неосновани причини. Здруженијата кои даваат бесплатна правна помош не добиваат никаква поддршка за трошоците од државата, што е и една од причините зошто не сакаат да даваат правна промош. Дополнително, **ниска е свеста на граѓаните во поглед на постоењето на бесплатна правна помош.**

Заклучокот е дека треба да се најде начин да се промовира законот со цел граѓаните да се запознаат со условите за остварување на ова право. Дополнително, една од препораките е дека треба да се обезбеди децентрализацијата на донесувањето на одлуки за барањата за бесплатна правна помош, бидејки тоа ќе помогне во обезбедување на поголема правна сигурност на граѓаните и ќе се намали времето за одлучување по овие барања.